**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6010 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период пред почетокот на изборната кампања, од 11 до 20 ноември 2016 година, централното издание на вестите во продукција на ТВ Сонце емитувано од 18 часот, опфати 10 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 11 минути и 13 секунди информативни жанрови.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:16:52 | 12,85 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:06 | 7,70 % |
| СДСМ | 00:02:43 | 2,07 % |
| Граѓански сектор | 00:15:51 | 12,08 % |
| Влада на РМ | 00:11:54 | 9,07 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:15:42 | 11,96 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:11 | 7,00 % |
| Други субјекти | 00:11:02 | 8,41 % |
| Македонска алијанса | 00:11:14 | 8,56 % |
| Локална самоуправа | 00:00:41 | 0,52 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:59 | 2,27 % |
| Судство | 00:02:51 | 2,17 % |
| Шарена револуција | 00:00:38 | 0,48 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:28 | 0,36 % |
| Без субјекти | 00:03:13 | 2,45 % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:06 | 0,84 % |
| Специјално обвинителство | 00:06:22 | 4,85 % |
| Претседател на РМ | 00:02:22 | 1,80 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:53 | 0,67 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:53 | 0,67 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:53 | 0,67 % |
| Демократски сојуз | 00:00:28 | 0,36 % |
| Беса | 00:00:43 | 0,55 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:43 | 0,55 % |
| Левица | 00:00:43 | 0,55 % |
| Либерална партија | 00:00:43 | 0,55 % |
| | **Вкупно: 02:11:13** | **100 %** |

Во овој извештаен период, најмногу време во вестите е одвоено за методолошките категории *„ДИК и други органи“* (16 минути и 52 секунди), *„Граѓански сектор“* (15 минути и 51 секунди) и „Органи на државната управа/јавни претпријатија (15 минути и 42 секунди).

Првозастапен субјект во овој извештаен период е методолошката категорија „ДИК и други органи" присутна во повеќе прилози: Поднесувањето на кандидатските листи; Соопштение за гласањето на дијаспората; Прифаќањето на листите на петте политички партии; Отфрлањето на листите на СДПМ и НДП; Обзнанувањето на стартот на изборната кампања; Ждребувањето на редоследот на партиите на гласачките ливчиња; Утврдениот редослед на гласачкото ливче на изборите на 11 декември; Кодексот за фер избори; Дел од интервјуто на претседателот Александар Чичаковски дадено за Радио Слободна Европа итн.

Категоријата *„Граѓански сектор“* ја сочинуваат: Нелко Неделковски, раководител на проектот за фер избори; Жарко Селкоски, претседател на националниот Сојуз на слепи лица; Црвен Крст; Саемот на традиционалната и органска храна во организација на граѓанскиот сектор; НОБ; Павле Богоевски, Шарена револуција; Слаѓана Тасева, Транспаренси интернешнл; претседателот на Здружението на македонските православни црковни општини во Австралија Игор Александров; Здружението за заштита и едукација на

дијабетичари; Горан Рафајловски, Стопанска комора; Здружението за кардиоваскуларна хирургија; ХЕРА; Здружението за заштита на децата и др.

Категоријата Органи на државната управа/јавни претпријатија е претставена преку активностите на: Агенција за промоција и поддршка на туризмот; Академија за судии и јавни обвинители; Агенција за катастар на недвижности; ФЗОМ; Клиниката за детски болести; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој; Центар за репродуктивно здравје; Агенција за храна и ветеринарство и др.

Владата е субјект во следниве теми: меѓународна конференција за миграции во Виена, обраќање на министерот за надворешни работи Никола Попоски; изјава на вицепремиерот за европски прашања Арбер Адеми во врска со Извештајот на Европската Комисија за Македонија; Проектот на МВР за спречување кражби во автомобилите; Проектот „Фондот се грижи за хроничните болни"; набавката на оригиналниот хормон за раст од страна на Министерството за здравство; дел од интервјуто на министерот за надворешни работи дадено за австрискиот дневен весник ДИ ПРЕСЕ; работната посета на министерот за одбрана Зоран Јолевски на САД; претставници на Министерството за локална самоуправа на консултативен состанок организиран од ЗЕЛС; соопштение на Министерството за животна средина и просторно планирање – „Високо ниво на загадување на амбиенталниот воздух утринава покажуваат сите мерни станици во Скопје" и др.

Во категоријата *„Други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: РСБСП; Регулаторна комисија за енергетика; МНТ; Таки Фити, МАНУ; ИЗИСС-МСЗ; Цементара Усје; ДКСК; Примабалерината Александра Мијалкова и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за Македонска алијанса (11 минути и 14 секунди) и за ВМРО ДПМНЕ (10 минути и 6 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 10 политички партии (ДУИ, НДМ, ДПА, Коалиција ВМРО за Македонија, Коалиција за промени и правда, ДС, Беса, ПДП, Левица и ЛП).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:31 | 17,83 | % |
| СДСМ | 00:01:46 | 5,71 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:59 | 16,11 | % |
| Влада на РМ | 00:00:59 | 3,18 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:08 | 3,66 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:06 | 6,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:02 | 9,81 | % |
| Други субјекти | 00:01:41 | 5,44 | % |
| Судство | 00:00:43 | 2,32 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:30 | 14,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:44 | 5,60 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:26 | 1,40 | % |
| Беса | 00:00:26 | 1,40 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:25 | 1,35 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:20 | 1,08 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:25 | 1,35 | % |
| Левица | 00:00:17 | 0,92 | % |
| Либерална партија | 00:00:28 | 1,51 | % |
| | **Вкупно: 00:30:56** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за политичката партија *ВМРО ДПМНЕ* (5 минути и 31 секунда), потоа за *Граѓанскиот сектор* (4 минути и 59 секунди) и за Специјалното обвинителство (4 минути и 30 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

*„Паричник“*

На 11 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 2 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Паричник*, во кое гости беа: Кире Бузлиев, потпретседател на Либералната партија и Џабир Дерала–Цивил. Водителот посочи дека ТВ Сонце упатила покана за учество во дебатата и до претставниците од големите релевантни политички партии, но поради предизборните активности истите не биле во можност да учествуваат. Темите беа: Нови коалиции; Преминување од партија во партија; Поднесувањето на пратеничките листи и проблемите кои настанаа; Забелешките околу прочистувањето на избирачкиот список и др. Вкупно во овој извештаен период емисијата е репризирана пет пати од кои двапати на 13 и по еднаш на 15, 17 и 18 ноември 2016 година.

*„Врел костен“*

На 18 ноември 2016 година, беше емитувано репризно издание на емисијата *Врел костен* во која гости беа претставниците од Коалицијата за промени и правда Емил Анастасов – ДЕМОС и Глигор Стојменов – ФРОДЕМ. Темата беше: Дали во Македонија е возможна мисијата да се формира трет политички блок.

*„Избор на народот“*

На 11 и 12 ноември 2016 година, се емитуваше репризното издание на емисијата *Избор на народот* во која гостин беше доц. д-р Зекир Анчиловиќ, стручен соработник во Националниот институт за историја. Темата беше: Колку македонските заедници и етнички заедници се застапени во изборните кампањи, дали е потребно Македонија да се редефинира во една изборна единица.

На 17 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Избор на народот.* Гостин беше аналитичарот Владимир Божиновски. Темите беа: направените анализи за претстојните избори; што треба да очекуваме на почетокот на кампањата; паралела на САД и тамошната кампања со кампањата во Македонија, дали може да очекуваме идентична валкана кампања? Бележиме три репризни изданија од кои едно на 18 и две на 20 ноември 2016 година.

***Сектор за програмски работи***